Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 4) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 30.05.2018 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВААТ сите** одобренијата за користење на радиофреквенции во радиодифузна и фиксна служба издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот **Трговско радиодифузно друштво „РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ“, Скопје со адреса на бул.„Илинденска“ бр.9**, по службена должност.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации ги отповика сите одобренија за користење на радиофреквенции во радиодифузна и фиксна служба издадени на корисникот **Трговско радиодифузно друштво „РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ“, Скопје со адреса на бул.„Илинденска“ бр.9**.
Одобрението се отповикува поради одземање на дозволата за радио емитување (уп1 бр.08-260 од 17.05.2018) од страна на Агенцијата за аудио и аудивизуелни медиумски услуги, што е предвидено во член 147 став 4) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18).
**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-616
Скопје, 30-05-2018

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

Доставено до:
- странка
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- -сектор за финансии и сметководство
- архива

Дигитално потпишан
од Igor Bojadjiev
Agencija za elektronski komunikacii